2020

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.07 - 30.09.2020 ГОДИНА

III Квартал

**СОДРЖИНА**

I. ВОВЕД ... 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 07 до 09м. 2020 година ... 3

II. ПРИХОДИ ... 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2020 ГОДИНА ... 5

III. ТРОШОЦИ – ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ... 6

Трошоци за вработените ... 6
Патни и транспортни трошоци ... 7
Заеднички трошоци ... 7
Програмски права ... 8
Останати трошоци од работење ... 8
Инвестиции ... 9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2020 ГОДИНА ... 10

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2020 ГОДИНА ... 14

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2020 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2020 ГОДИНА ... 15

1. Побарувања од купувачите во земјата ... 15
2. Побарувања од купувачите во странство ... 16

VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2020 ГОДИНА ... 16

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2020 ГОДИНА ... 17

# I. ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на ЈРП МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Почнувајки од месец април 2020 година Вториот ТВ програмски сервис започна со емитување на програма на албански јазик со 24 часовно дневно времетраење а се отворија и три нови телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 3 кој емитува забавно - музичка, културна и спортска програма, МТВ 4 – документарна програма и програма на етничките заедници и МТВ 5 наменет за детска програма. Исто така, во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

Во третото тримесечје од 2020 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 227.257.535 денари и расходи во вкупен износ од 209.196.725 денари со што е остварен позитивен финансиски резултат од 18.060.810 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 07 до 09 м. 2020 година**

| ОПИС | Остварување 01.07.-30.09.2019г. | | Финансиски план 2020г. | | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **224,272,031** | **100.0** | **996,000,000** | **100.0** | **227,257,535** | **100.0** | **101.3** | **22.8** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **165,255,832** | **73.7** | **993,000,000** | **99.7** | **209,196,725** | **92.1** | **126.6** | **21.1** |
| Трошоци за вработени | 105,326,048 | 47.0 | 433,960,000 | 43.6 | 107,567,341 | 47.3 | 102.1 | 24.8 |
| Патни трошоци | 1,562,825 | 0.7 | 5,050,000 | 0.5 | 637,590 | 0.3 | 40.8 | 12.6 |
| Заеднички трошоци | 31,851,165 | 14.2 | 216,790,000 | 21.8 | 35,500,197 | 15.6 | 111.5 | 16.4 |
| Програмски права | 15,859,804 | 7.1 | 276,250,000 | 27.7 | 49,255,620 | 21.7 | 310.6 | 17.8 |
| Останати трошоци од работење | 10,655,990 | 4.8 | 60,950,000 | 6.1 | 16,235,977 | 7.1 | 152.4 | 26.6 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **59,016,199** | | | | **18,060,810** | | | |
| | | | | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | | | |
| Набавка на опрема | 298,750 | | 3,000,000 | | 220,075 | | 73.7 | 7.3 |
| **Вкупно** | **298,750** | | **3,000,000** | | **220,075** | | 73.7 | 7.3 |
| | | | | | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ И ИНВЕСТИЦИИ** | **165,554,582** | | **996,000,000** | | **209,416,800** | | **126.5** | **21.0** |

# II. ПРИХОДИ

Во периодот 07-09 месец 2020 година реализирани се приходи во износ од 227.257.535 денари.

Приход со највисок износ е приходот од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација за финансирање на радиодифузна дејност. Средствата кои по овој основ ЈРП МРТ ги доби во анализираниот период изнесуваат вкупно 223.500.000 денари и истите учествуваат со 98,3% во вкупно остварените приходи.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 75.408 денари што е реализација од 15,1% во однос на планираните приходи за 2020 година за оваа намена.

По основ на услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и други услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 517.314 денари или 17,2% во однос на планираните приходи за 2020 година за оваа намена, а приходот од услуги во странство е остварен во износ од 8.996 денари.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 2.326.265 денари или остварување од 13,7% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а се однесува на приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, наплатени отпишани побарувања, дополнитено утврдени приходи од минати години и друго.

Приходите од наплата на средства по основ на судски пресуди во корист на МРТ бележат остварување во износ од 7.157 денари.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во третото тримесечје од 2020 година е остварен во износ од 822.395 денари што е реализација од 1,8% на планираните средства во Финансискиот план за 2020 година за оваа намена. Овој приход бележи пониска реализација поради новонастанатата состојба со Корона вирусот COVID-19 не само во третото тримесечје туку остварувењето е значително намалено и во рамки на севкупното работење на МРТ во 2020 година.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2020 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.07-30.09.2019 год. | Планирани приходи за 2020 г. | Остварени приходи 01.07-30.09.2020 год. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на радиодифузна дејност | 223,500,000 | 894,000,000 | 223,500,000 | 100.0 | 25.0 | 98.3 |
| Закупнини | 75,153 | 500,000 | 75,408 | 100.3 | 15.1 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 3,000,000 | 517,314 | 100.0 | 17.2 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 0 | 2,000,000 | 8,996 | 0,0 | 0.4 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години,дополнително утврдени приходи од претходни години и др.) | 127,095 | 17,000,000 | 2,326,265 | 1,830.3 | 13.7 | 1.0 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 18,644 | 1,500,000 | 7,157 | 38.4 | 0.5 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 33,825 | 45,000,000 | 822,395 | 2,431.3 | 1.8 | 0.4 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 3,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи од донација од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 0 | 30,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **224,272,031** | **996,000,000** | **227,257,535** | **101.3** | **22.8** | **100.0** |

# III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот јули - септември 2020 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 209.196.725 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2020 година претставува остварување од 21,1%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07-30.09.2020 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2019г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 105,326,048 | 433,960,000 | 107,567,341 | 102.1 | 24.8 |
| Патни и транспортни трошоци | 1,562,825 | 5,050,000 | 637,590 | 40.8 | 12.6 |
| Заеднички трошоци | 31,851,165 | 216,790,000 | 35,500,197 | 111.5 | 16.4 |
| Програмски права | 15,859,804 | 276,250,000 | 49,255,620 | 310.6 | 17.8 |
| Останати трошоци од работење | 10,655,990 | 60,950,000 | 16,235,977 | 152.4 | 26.6 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **165,255,832** | **993,000,000** | **209,196,725** | **126.6** | **21.1** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 298,750 | 3,000,000 | 220,075 | 73.7 | 7.3 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **298,750** | **3,000,000** | **220,075** | **73.7** | **7.3** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **165,554,582** | **996,000,000** | **209,416,800** | **126.5** | **21.0** |

## Трошоци за вработените

Во третиот квартал од 2020 година групата Трошоци за вработени е остварена во вкупен износ од 107.567.341 денар или 24,8% од средствата планирани за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 106.626.649 денари, кои во однос на остварувањето во истиот период од минатата 2019 година се повисоки поради изедначувањето на минималната плата на вработените во МРТ, почнувајќи од месец Септември 2020 година, со нето платата на ниво на државата која изнесува 14.934 денари а ова усогласување е извршено согласно потпишаните измени во Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на МРТ и Програмскиот совет на МРТ. Во оваа група се вбројуваат и трошоците за отпремнина за одење во пензија реализирани во износ од 737.390 денари, трошоците за други примања на вработените остварени во вкупен износ од 197.302 денари кои ги опфаќаат трошоците за помош на вработените исплатени по разни основи (помош во случај на смрт, боледување подолго од 6 месеци и сл.), како и трошоците за едукација (обуки на вработените, семинари и сл.) остварени во износ од 6.000 денари.

Просечната нето плата по работник за периодот 07-09 месец 2020 година изнесува 31.932 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 637.590 денари и истата е реализирана со 12,6% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2020 година за оваа намена. Во однос на остварувањето во минатата 2019 година, остварувањето кај патните и транспортните трошоци е значително намалено што секако е последица на состојбата во земјата и светот т.е на опасноста предизвикана од ширењето на Корона вирусот COVID-19. Имено, реализацијата кај патните трошоци во земјата се однесува на присуството на екипите на МРТ за пренос и емитување на настани како Охридско лето, Макфест, Илинден, Струшки вечери на поезијата, музички фестивал Песна ечи на албански јазик, Рацинови средби и друго, додека пак, со затворањето на меѓународните граници и границите на РСМ, патувањата на екипите на МРТ надвор од земјата и реализацијата на планираните и тековните активности во врска со снимање на емисии од разни области се ставени во мирување се додека не се подобри споменатата состојба со COVID-19.

### Заеднички трошоци

Во третиот квартал од 2020 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 35.500.197 денари што е реализација од 16.4% на финансискиот план за 2020 година за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за електричен и технички материјал со вкупно остварување од 774.878 денари, материјали за поправка и одржување во износ од 257.156 денари, трошоците за канцелариски материјали во износ од 215.513 денари, трошоците за материјали за возен парк во износ од 81.326 денари, потоа трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен износ од 6.015.842 денари како и трошоците за телефонски трошоци (фиксна и мобилна телефонија) и интернет во вкупен износ од 414.236 денари а за аудио и видео линии потребни за сите радио и ТВ преноси реализирани се трошоци во износ од 1.385.876 денари. Во рамки на планираните износи за 2020 година остварување бележат и трошоците за обезбедување на имот и лица и трошоците за одржување на хигиена во вкупен износ од 1.003.848 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти во МРТ во вкупен износ од 1.565.077 денари, потоа трошоците за одржување на возила во износ од 238.678 денари, трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 327.777 денари, трошоците реализирани во износ од 143.537 денари за набавка на заштитни медицински материјали и хигиенски средства за заштита на вработените од корона вирусот Covid-19 како и трошоците за комунални услуги во вкупен износ од 1.105.742 денари. Пресметаните трошоци за амортизација на основните средства во анализираниот период изнесуваат вкупно 16.339.070 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ реализацијата изнесува 1.381.738 денари а пресметката и исплатата се врши

согласно законот за ААВМУ. За осигурување на имот и лица, во анализираниот период, реализирани се трошоци во износ од 381.910 денари, трошоците за камати од работење и затезни камати реализирани се трошоци во износ од 1.247.759 денари, додека пак, за данок на странско правно лице - задржан данок при плаќања кон странство реализацијата изнесува 1.219.771 денар. Дополнително утврдените расходи од минати години остварени се во износ од 869.948 денари а опфаќаат расходи по фактури од минати години произлезени од задоцнето фактурирање од страна на комитентите по разни основи.

**Програмски права**

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма се остварени во вкупен износ од 49.255.620 денари што претставува 17,8% реализација на планот за 2020 година за оваа намена.

Ставката откуп на права за пренос и емитување на спортски настани е реализирана во износ од 4.522.804 денари а се однесува на фактурирана реализација за партиципација за спортски права, потоа за пренос на француски и италијански фудбал, NBA –кошарка, хокеј и слично.

За откуп на лиценцни права за емитување на филмови, серии и документарни емисии од најразлични жанрови реализирани се трошоци во износ од 2.005.113 денари.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 21.544.040 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на македонски документарни филмови како и за реализација на емисии од областа на музиката, забавно-контактни емисии, образовни емисии (ТВ проекти за деца Дајте музика и Островот на Бен, Преспав, ТВ проект Компромис, реализација на емисии во врска со парламентарните избори 2020 година).

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 21.183.663 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за лиценцирани вести од интернет, потоа продукција и емитување на ТВ проектите на македонски и албански јазик: Моето дете, Тие, Агенда 35, Турците во Македонија, Урбан соул, Чирак,  Вредни домаќинки, Фкте, Арт крафт, 20 Секунди Екобаланс, Пријатели на модата и сл.

**Останати трошоци од работење**

Оваа група на трошоци во анализираниот период е остварена во вкупен износ од 16.235.977 денари или остварување од 26,6% во однос на планираниот износ за оваа намена. Истата ги опфаќа трошоците за технички услуги во износ од 2.005.116 денари остварени за користење коментаторски позиции, ISDN линии и слично, потоа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 4.676.507 денари а со цел да се надмине проблемот со дефицит

на кадар во одделни сектори или одделенија. Трошоците за интелектуални услуги кои се однесуваат на превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма реализирани во износ од 2.227.388 денари, додека пак трошоците за опремување на сценографија за програмските потреби бележат реализација во износ од 411.011 денари а трошоците за адвокатски и нотарски услуги реализација од 117.670 денари. Остварувањето кај ставката трошоци за проект Евровизија изнесува 781.293 денари, но реализацијата се однесува на трошоци за хотелско сместување, износ задржан од страна на хотелот во Ротердам Холандија во кој требаше да претстојува тимот на МРТ како претставник на РС Македонија доколку се одржеше Евросонг 2020 година. Но, по прогласување на пандемија од корона вирус Covid-19 од страна на Светската здравствена организација, на иницијатива на група на Шефови на делгации за Евросонг 2020 година во месец март во ЕБУ беше донесена одлука дека изборот за песна на Евровизија - Евросонг 2020 година нема да се одржи, меѓутоа, со оглед на фактот што хотелското сместување е платено однапред во целост, во комуникација помеѓу МРТ и одговорни лица во хотелот во Ротердам е прецизирано 50% од вкупниот износ да се рефундираат на сметката на МРТ, 20% како аванс или резервација да се префрлат за Евросонг 2021 година доколку се одржи оваа манифестација, додека пак сумата од 781.293 денари т.е. 30% од вкупниот износ е задржана како депозит од страна на хотелот.

Трошоците за годишни членарини за учество во меѓународни организации – ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и сл. во износ од 2.378.028 денари а трошоците за мало авторско право ЗАМП реализирани се во износ од 3.469.426 денари.

## Инвестиции

Со Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година за реализација на инвестициони активности потрошени се вкупно 220.075 денари и тоа за поставување на ПВЦ прозорци во просториите на МРТ.

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2020 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.- 30.09.2019г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.07.- 30.09.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 104,962,644 | 429,000,000 | 106,626,649 | 101.6 | 24.9 |
| Отпремнина за одење во пензија | 100,348 | 2,500,000 | 737,390 | 734.8 | 29.5 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени, помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 210,000 | 1,000,000 | 197,302 | 94.0 | 19.7 |
| Награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 1,100,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 3,056 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 |
| Трошоци за едукација | 50,000 | 360,000 | 6,000 | 12.0 | 1.7 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **105,326,048** | **433,960,000** | **107,567,341** | **102.1** | **24.8** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 723,505 | 1,000,000 | 436,455 | 60.3 | 43.6 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 422,207 | 1,000,000 | 22,260 | 5.3 | 2.2 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 3,440 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 209,651 | 1,900,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Сопствено возило за службени потреби | 135,346 | 300,000 | 63,832 | 47.2 | 21.3 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 64,405 | 300,000 | 45,500 | 70.6 | 15.2 |
| **Вкупно 2** | **1,558,554** | **4,600,000** | **568,047** | **36.4** | **12.3** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 4,271 | 450,000 | 69,543 | 1,628.3 | 15.5 |
| **Вкупно 3** | **4,271** | **450,000** | **69,543** | **1,628.3** | 15.5 |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **1,562,825** | **5,050,000** | **637,590** | **40.8** | **12.6** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 22,223 | 1,600,000 | 402,614 | 1,811.7 | 25.2 |
| Технички материјал | 93,759 | 1,000,000 | 372,264 | 397.0 | 37.2 |
| Материјал за кулиси и декор | 0 | 700,000 | 64,233 | 0,0 | 9.2 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 0 | 150,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 450 | 1,200,000 | 257,156 | 57,145.8 | 21.4 |
| **Вкупно 4** | **116,432** | **4,650,000** | **1,096,267** | **941.6** | **23.6** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 81,877 | 1,500,000 | 215,513 | 263.2 | 14.4 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 20,814 | 300,000 | 81,326 | 390.7 | 27.1 |
| Други потрошни материјали | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 168,615 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **271,306** | **1,800,000** | **296,839** | **109.4** | **16.5** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2019г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 2,497,280 | 22,500,000 | 5,150,695 | 206.3 | 22.9 |
| Трошоци за топлотна енергија | 1,029,631 | 12,000,000 | 526,456 | 51.1 | 4.4 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 493,263 | 3,500,000 | 338,691 | 68.7 | 9.7 |
| **Вкупно 6** | **4,020,174** | **38,000,000** | **6,015,842** | **149.6** | **15.8** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 786,450 | 1,500,000 | 52,864 | 6.7 | 3.5 |
| **Вкупно 7** | **786,450** | **1,500,000** | **52,864** | **6.7** | **3.5** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 53,632 | 700,000 | 53,543 | 99.8 | 7.6 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 680,779 | 2,300,000 | 302,753 | 44.5 | 13.2 |
| Трошоци за интернет | 6,490 | 700,000 | 57,940 | 892.8 | 8.3 |
| Поштарина | 46,473 | 300,000 | 30,205 | 65.0 | 10.1 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 1,551,941 | 10,000,000 | 1,385,876 | 89.3 | 13.9 |
| **Вкупно 8** | **2,339,315** | **14,000,000** | **1,830,317** | **78.2** | **13.1** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,040,926 | 5,000,000 | 819,038 | 78.7 | 16.4 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 324,115 | 9,360,000 | 1,091,472 | 336.8 | 11.7 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 469,616 | 7,700,000 | 473,605 | 100.8 | 6.2 |
| Одржување на возила | 75,006 | 3,100,000 | 238,678 | 318.2 | 7.7 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 0 | 150,000 | 24,921 | 0.0 | 16.6 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 124,749 | 1,000,000 | 327,777 | 262.7 | 32.8 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 0 | 3,700,000 | 184,810 | 0.0 | 5.0 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработенита од корона вирус | 0 | 2,500,000 | 143,537 | 0.0 | 5.7 |
| **Вкупно 9** | **2,034,412** | **32,510,000** | **3,303,838** | **162.4** | **10.2** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 300 | 40,000 | 425 | 141.7 | 1.1 |
| Дератизација и дезинфекција | 9,234 | 350,000 | 60,000 | 649.8 | 17.1 |
| Трошоци за ѓубретарина | 71,213 | 1,200,000 | 143,791 | 201.9 | 12.0 |
| Трошоци за вода | 849,024 | 3,800,000 | 901,526 | 106.2 | 23.7 |
| **Вкупно 10** | **929,771** | **5,390,000** | **1,105,742** | **118.9** | **20.5** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Трошоци за огласи и конкурси | 68,912 | 500,000 | 40,752 | 59.1 | 8.2 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и друго | 38,248 | 400,000 | 40,293 | 105.3 | 10.1 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 14,151 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати услуги, занаетчиски и сл. | 944 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **122,255** | **1,900,000** | **81,045** | **66.3** | 4.3 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2019г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,237,509 | 66,800,000 | 16,339,070 | 107.2 | 24.5 |
| **Вкупно 12** | **15,237,509** | **66,800,000** | **16,339,070** | **107.2** | **24.5** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 0 | 2,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **2,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 63,244 | 500,000 | 97,355 | 153.9 | 19.5 |
| **Вкупно 14** | **63,244** | **600,000** | **97,355** | **153.9** | 16.2 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 88,750 | 1,500,000 | 381,910 | 430.3 | 25.5 |
| **Вкупно 15** | **88,750** | **1,500,000** | **381,910** | **430.3** | 25.5 |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 177,576 | 600,000 | 93,130 | 52.4 | 15.5 |
| **Вкупно 16** | **177,576** | **610,000** | **93,130** | **52.4** | **15.3** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 250,000 | 41,313 | 0.0 | 16.5 |
| **Вкупно 17** | **0** | **350,000** | **41,313** | **0.0** | **11.8** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,437,954 | 5,200,000 | 1,381,738 | 96.1 | 26.6 |
| **Вкупно 18** | **1,437,954** | **5,200,000** | **1,381,738** | **96.1** | **26.6** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 404,806 | 4,000,000 | 1,219,771 | 301.3 | 30.5 |
| Судски трошоци и административни такси | 61,683 | 500,000 | 4,572 | 7.4 | 0.9 |
| **Вкупно 19** | **466,489** | **4,500,000** | **1,224,343** | **262.5** | **27.2** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **0** | **600,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 1,989,211 | 18,000,000 | 869,948 | 43.7 | 4.8 |
| **Вкупно 21** | **1,989,211** | **18,000,000** | **869,948** | **43.7** | **4.8** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2019г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,462,230 | 11,000,000 | 1,247,759 | 85.3 | 11.3 |
| **Вкупно 22** | **1,462,230** | **11,000,000** | **1,247,759** | **85.3** | **11.3** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 308,087 | 5,000,000 | 40,877 | 13.3 | 0.8 |
| **Вкупно 23** | **308,087** | **5,000,000** | **40,877** | 13.3 | 0.8 |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | **0** | 880,000 | **0** | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 24** | **0** | **880,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **31,851,165** | **216,790,000** | **35,500,197** | **111.5** | **16.4** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 307,465 | 20,600,000 | 2,005,113 | 652.1 | 9.7 |
| Останати програмски права | 62,488 | 95,000,000 | 21,183,663 | 33,900.4 | 22.3 |
| Надомест за фестивали | 0 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 112,293 | 41,150,000 | 4,522,804 | 4,027.7 | 11.0 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 15,377,558 | 118,000,000 | 21,544,040 | 140.1 | 18.3 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **15,859,804** | **276,250,000** | **49,255,620** | **310.6** | **17.8** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 29,945 | 500,000 | 60,060 | 200.6 | 12.0 |
| **Вкупно 26** | **29,945** | **500,000** | **60,060** | **200.6** | **12.0** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 201,542 | 600,000 | 117,670 | 58.4 | 19.6 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 1,106,814 | 2,500,000 | 2,005,116 | 181.2 | 80.2 |
| Трошоци за опремување сцена | 724,306 | 2,000,000 | 411,011 | 56.7 | 20.6 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 356,847 | 5,000,000 | 2,227,388 | 624.2 | 44.5 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 2,177,513 | 15,500,000 | 4,676,507 | 214.8 | 30.2 |
| Трошоци за проект Евровизија | 367,579 | 3,000,000 | 781,293 | 212.6 | 26.0 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **4,934,601** | **30,350,000** | **10,218,985** | **207.1** | **33.7** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 2,267,115 | 10,500,000 | 2,378,028 | 104.9 | 22.6 |
| Котизации и акредитации | 34,640 | 300,000 | | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2019г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.07.-30.09.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 3,359,696 | 14,500,000 | 3,469,426 | 103.3 | 23.9 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 4,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **5,661,451** | **29,800,000** | **5,847,454** | **103.3** | **19.6** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 29,993 | 300,000 | 109,478 | 365.0 | 36.5 |
| **Вкупно 29** | **29,993** | **300,000** | **109,478** | **365.0** | 36.5 |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **10,655,990** | **60,950,000** | **16,235,977** | **152.4** | **26.6** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **165,255,832** | **993,000,000** | **209,196,725** | **126.6** | **21.1** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| **Набавка на опрема и инвестиции** | 298,750 | 3,000,000 | 220,075 | 73.7 | 7.3 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **298,750** | **3,000,000** | **220,075** | 73.7 | 7.3 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **165,554,582** | **996,000,000** | **209,416,800** | **126.5** | **21.0** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2020г.

Состојбата на денарските сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2020 година изнесува:

- Комерцијална банка 4.511.896 денари
- Халк банка 60.481 денари
- Тутунска банка 131.365 денари
- Стопанска банка 601.164 денари
- Шпаркасе банка 274.288 денари
- Еуростандард банка 273.223 денари
- Алфа банка 62.705 денари
- Прокредит банка 596.418 денари

***Вкупно на сметки : 6.511.540 денари***

Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2020 година изнесува:

- Комерцијална банка 27.467 ЕУР
- Стопанска банка 151 УСД
- Прокредит банка 5.647 ЕУР

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2020 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.09.2020 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019г | Состојба на 30.09.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,101,859,458 | 2,091,931,898 | **99.5** |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 39,207,897 | 39,423,063 | **100.5** |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,127,593,651 | -2,121,014,238 | **99.7** |
| **Вкупно:** | **13,473,704** | **10,340,723** | **76.7** |

### 1. Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019г | Состојба на 30.09.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,048,061,769 | 2,039,392,696 | 99.6 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 53,797,689 | 52,539,202 | 97.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,089,066,469 | -2,083,254,867 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **12,792,989** | **8,677,031** | **67.8** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019г | Состојба на 30.09.2020 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,040,879,236 | 2,035,467,634 | 99.7 |
| - радио и телевизиски реклами | 3,367,665 | 1,857,131 | 55.1 |
| - закуп на основни средства | 146,302 | 120,711 | 82.5 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,спогодби) | 3,058,135 | 1,540,266 | 50.4 |
| - побарувања по основ на спогодби | 610,431 | 406,954 | 66.7 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 53,797,689 | 52,539,202 | 97.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,089,066,469 | -2,083,254,867 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **12,792,989** | **8,677,031** | **67.8** |

## 2. Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.09.2020 година изнесуваат вкупно 1.663.692 денари а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019г | Состојба на 30.09.2020 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 35,035,082 | 34,254,787 | 97.8 |
| - ТВ услуги | 539,993 | 541,830 | 100.3 |
| - технички услуги | 2,810,181 | 2,819,753 | 100.3 |
| - побарувања од закупнини | 16,784 | 16,841 | 100.3 |
| - отстапени права | 120,358 | 1,389,620 | 1,154.6 |
| - фестивали во странство | 413,675 | 125,562 | 30.4 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 271,824 | 274,670 | 101.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -38,527,182 | -37,759,371 | 98.0 |
| **Вкупно:** | **680,715** | **1,663,692** | **244.4** |

# VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2020 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2019 год. | состојба на 30.09.2020 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **542,063,695** | **444,018,266** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 100,124,018 | 34,343,752 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 13,066,040 | 14,413,693 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 79,257 | 79,257 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата, камати по истите и сл. | 147,267,252 | 131,718,568 |
| Обврски спрема вработените | 24,184,897 | 26,199,801 |
| Обврски за авторски договори | 1,303,434 | 1,132,788 |
| Краткорочни обврски МФ (доспена камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 172,600,320 | 162,198,854 |
| Останати краткорочни обврски | 572,558 | 755,844 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 12,920,280 | 3,230,070 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг за ММИ) | 69,945,639 | 69,945,639 |
| **Долгорочни обврски** | **189,080,710** | **189,080,710** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 14,657,025 | 14,657,025 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 174,423,685 | 174,423,685 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **731,144,405** | **633,098,976** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.09.2020 година изнесуваат 633.098.976 денари и истите се намалени за 98.045.429 денари во однос на состојбата на 31.12.2019 година.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2020 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 30.09.2020 година изнесува вкупно 738 лица, што е помалку за 14 лица или за 1,9% во однос на состојбата на 30.06.2019 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2020 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2020 | 1 | 26 | 313 | 22 | 347 | 0 | 30 | 13 | 752 | |
| 30.09.2020 | 1 | 26 | 310 | 22 | 336 | 0 | 30 | 13 | 738 | -14 |
| структура 30.09.2020 г.(%) | 0.1 | 3.5 | 42.0 | 3.0 | 45.5 | 0.0 | 4.1 | 1.8 | 100.0 | -1.9 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2020 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2020 | 533 | 151 | 25 | 22 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 752 | |
| 30.09.2020 | 526 | 146 | 24 | 21 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 738 | -14 |
| структура 30.09.2020г.(%) | 71.3 | 19.8 | 3.3 | 2.8 | 1.1 | 0.5 | 0.5 | 0.3 | 0.4 | 100.0 | -1.9 |

Во текот на третото тримесечје, односно во периодот Јули - Септември 2020 година во ЈРП МРТ нема новоработени лица.

Во истиот период вкупно 11 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ по основ на стекнување на правото за пензионирање, и тоа: 2 спикери со ССС, 1 уредник на редакција со ССС, 1 сниматeл на тон со ССС, 1 сниматeл камерман со ССС, 1 мајстор на тон со ССС, 1 уредник водител со ВСС, 2 новинари со ВСС, 1 новинар со ССС и 1 манипулативен работник со ССС.

Починати се 3 лица и тоа 1 сниматeл камерман со ССС, 1 сниматeл на тон со ССС и 1 техничар со ССС.

Скопје, Октомври 2020 година